РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности
# за месец јуни 2022

Јули, 2022

Содржина


Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 4

Реализација на буџет ..... 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец јуни 2022 година примени се 38 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, објавени се 40 огласи, за вкупно 62 работни места за вкупно 62 извршители. За институциите од централната власт објавени се 24 јавни огласи за 34 работни места со 34 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 16 јавни огласи за 28 работни места со 28 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 38 | / | 40 | | 24 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 16 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 62 | | 9 | 22 | 3 | 34 | | 7 | 16 | 5 | 28 |
| Извршители | | | 62 | | 9 | 22 | 3 | 34 | | 7 | 16 | 5 | 28 |
| Број на пријавени кандидати | | | 455 | | 43 | 301 | 62 | 406 | | 8 | 34 | 7 | 49 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 40 | 22 | 5 | 31 | 20 | 56 | 18 | 9 | 40 | 2 | 51 |

*Табела 1. Јавни огласи јуни 2022*

Во истиот период јуни 2022 година спроведени се 44 административни селекции за пријавени 984 кандидати, спроведени се 48 испити на кои што се поканети 441 кандидати, од кои полагале 248 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 46 огласи за 378 кандидати. Интервју е спроведено на 46 огласи со вкупно 234 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 46 огласи и предлог за избор на 233 кандидати, а од 40 спроведени огласи објавени се вкупно 107 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 44 | 984 | 48 | 441 | 248 | 46 | 378 | 46 | 234 | 46 | 233 | 40 | 107 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи јуни 2022*

Во Агенцијата за администрација во месец јуни 2022 година примени се 18 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 18 огласи, за вкупно 34 работни места за 34 извршители. За институциите од централната власт објавени се 7 интерни огласи за 11 работни места со 11 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 11 интерни огласи за 23 работни места со 23 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 18 | / | 18 | | 7 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 11 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 34 | | 6 | 5 | / | 11 | | 8 | 14 | 1 | 23 |
| Извршители | | | 34 | | 6 | 5 | / | 11 | | 8 | 14 | 1 | 23 |

*Табела 3. Интерни огласи јуни 2022*

## Испит за административно управување

Во текот на месец јуни 2022 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 65 кандидати. Од нив на испитот се појавија 12 кандидати од кои испитот го положиле 10 кандидати (83%), а не го положиле 2 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 50 се вработени во јавен сектор, 8 во приватен и 7 се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 65 | 12 | 10 | 2 | 50 | 8 | 7 |

*Табела 4. Административно управување јуни 2022*

## Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец јуни 2022 година беа поднесени 58 жалби и приговори на административните службеници, од кои 52 жалби и приговори на државните службеници и 6 жалби на јавните службеници.

Во месец јуни во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 10 седници, на кои беше одлучено по 91 жалба и приговори, од кои 82 жалби и приговори на државните службеници и 9 на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 18 предмети, од јуни преминуваат во јули 2022 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 82): одбиени - 44, уважени -19, мериторно уважени - 4, мериторно одбиени- 3, отфрлени - 4 , повлечени - 7 и заклучок за мирување на постапка- 1.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно 9): одбиени - 3, уважени - 5 и ненадлежна -1.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 52 | 6 | 82 | 9 | 19 | 5 | 44 | 3 | 4 | / | / | / | 7 | / | / | 1 | 4 | / | 3 | / | 1 | / |

*Табела 5. Обработени жалби во јуни 2022*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец јуни 2022 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 10 предмети од кои 2 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 8 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, граѓани и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија - Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за добро владеење (1); Народен правобранител (1); Управен суд (1); Министерство за финансии (2); Национална установа Центар за култура „АСНОМ" – Гостивар (1) и Граѓани (2).

Во текот на месец јуни 2022 година, вработени од Агенцијата присуствуваа на:

- Присуство на 83-та Средба на правници, по покана од Здружение на правници Скопје, период на реализација 02-04 јуни 2022 година; х.Дрим - Струга;
- Присуство на Работилница за евалуација на реформата на јавната администрација 2018-2022 година и препораки за нова стратегија и акциски план, по покана од РеСПА-Регионална школа за јавна администрација, реализирана на 08 и 09 јуни 2022 година, во х.Метропол, Охрид.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 25 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 11 електронски пораки, неодговорени 2, а за 12 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец јуни 2022 година, објавени се 2 огласи на ЕСЈН, донесени се 3 Одлуки за избор и склучени се 3 договори за јавна набавка со вредност од 715.140,00 денари без ДДВ или 843.654,00 денари со вклучен ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| / | 2 | 3 | 3 |

*Табела 6. Јавни набавки јуни 2022*

# Реализација на буџет

Во месец јуни 2022 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2022 година | Реализација на буџетот до 30.06.2022 | Реализација на буџетот од 01.06.2022 – 30.06.2022 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 23.150.000,00 | 11.120.464,00 | 1.883.004,00 | 12.029.536,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.710.000,00 | 4.328.548,00 | 732.273,00 | 4.381.452,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 29.200,00 | 19.200,00 | 30.800,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.500.000,00 | 1.840.764,00 | 271.822,00 | 659.236,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 450.000,00 | 158.155,00 | 5.436,00 | 291.845,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.000.000,00 | 640.063,00 | 30.608,00 | 1.359.937,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.790.000,00 | 270.108,00 | 31.691,00 | 1.519.892,00 |
| **426-други тековни расходи** | 400.000,00 | 172.561,00 | 34.094,00 | 227.439,00 |
| **464-разни трансфери** | 186.000,00 | 173.770,00 | 0 | 12.230,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 800.000,00 | 549.620,00 | 0 | 250.380,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.800.000,00 | 995.031,00 | 0 | 1.804.969,00 |
| ВКУПНО | **42.846.000,00** | **20.278.284,00** | **3.008.128,00** | **22.567.716,00** |

*Табела 6. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*